"Службен Весник на Република Македонија" број 46 од 12-ти јули 2004 година

# ЗАКОН

## за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за имплементација на социјалната заштита

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 9.8 милиони (9.800.000,00) американски долари, наменет за реализација на Проектот за имплементација на социјалната заштита.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем по Проектот за имплементација на социјалната заштита, кој ќе се склучи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР +0.75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети од кои почнувајќи од 15-ти мај 2009 година до 15-ти мај 2020 година ќе се отплаќаат 23 еднакви полугодишни ануитети во износ од 410.000 американски долари и на 15-ти мај 2021 година ќе се отплати последниот ануитет во износ од 370.000 американски долари.

Во грејс периодот од 5 години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само каматата на заемот.

Член 4

На или веднаш по датумот на влегување во сила на Договорот за заем од член 2, став 1 од овој закон, се плаќа еднократна провизија-трошок во износ од 1% од износот на Заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0,75% годишно пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Провизијата од став 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15-ти мај и на 15-ти ноември секоја година.

Член 5

Корисник на средствата од заемот за Проектот за имплементација на социјалната заштита е Министерството за труд и социјална политика.

Член 6

Република Македонија заемот од член 1 на овој Закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".